**Известување за концентрација со која САБИК Агри-Нутриентс Компани од Кралство Саудиска Арабија и ЕТЦ Груп од Маврициус ќе стекнат заедничка контрола над ЕТГ Инпутс Холдко Лимитед од Обединети Арапски Емирати**

**(предмет бр. 08-161 од 2022 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.12.2022 година, а дополнето на ден 20.12.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на САБИК Агри-Нутриентс Компани со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 11044, 6675 Аирпорт Бренч Роуд Ријад, округ Куртуба, 2871 Кралството Саудиска Арабија и ЕТЦ Груп со регистрирано седиште на Ц/О Роџерс Кепитал Корпорејт Сервисис Лимитед, кат 3, Роџерс Хаус, Улица Претседател Џон Кенеди бр. 5, Пристаниште Луис, Маврициус над ЕТГ Инпутс Холдко Лимитед со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 482076, 905, Вест Винг, Индекс Тауер Меѓународен финансиски центар во Дубаи, Дубаи, Обединети Арапски Емирати.

- **САБИК Агри-Нутриентс Компани** е производител на разни (сурови/немешани) производи од ѓубрива. Ги продава овие производи на големи дистрибутери кои продаваат производи од ѓубрива на помали дистрибутери, трговци на мало или крајни потрошувачи (најчесто земјоделци). САБИК АН е крајно контролирано од Сауди Арабиан Оил Компани.

САБИК Агри-Нутриентс Компани не е присутно, ниту пак воопшто остварува приходи во Северна Македонија. Крајното матично друштво на САБИК Агри-Нутриентс Компани – Сауди Арабијан Оил Компани генерирало приход во Република Северна Македонија преку неповрзани активности.

- **ЕТЦ Груп** е основано во Маврициус и е мултинационален конгломерат со разновидно портфолио на експертиза во повеќе индустрии, што опфаќа земјоделски ѓурива (преку ЕИХЛ), логистика, трговија и преработка, оптимизација на синџирот на снабдување, дигитална трансформација и енергија. ЕТГ Ворлд нема средства или промет во Северна Македонија.
ЕТЦ Груп не е присутно, ниту пак воопшто остварува приходи во Северна Македонија.

- **ЕТГ Инпутс Холдко Лимитед** е активно во увозот, мешањето и дистрибуцијата на ѓубрива. ЕИХЛ набавува сурови (немешани) ѓубрива, ги меша во мешавини на ѓубрива и ги дистрибуира до трговците на мало и директно до крајните потрошувачи. ЕИХЛ нема средства или промет во Северна Македонија.

ЕТГ Инпутс Холдко Лимитед не е присутно, ниту пак воопшто остварува приходи во Северна Македонија.

27.12.2022 година

Скопје